МКД СЕРТИФИКАТ
МКС ISO 9001:2015
МКС ISO 14001:2015
МКС ISO 45001:2018

**ЗАПИСНИК**
**од 69 (шеесет и девета) вонредна седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 09 јули 2025 година (среда)**

Шеесет и деветтата (вонредна) седница на Советот на Општина Карпош се одржа на 09 јули 2025 година (среда), со почеток во 09.15 часот, во просториите спотската сала "Наум Наумовски Борче"- Партизан - Скопје.

Врз основа на евиденцијата, на почетокот Претседателот на Советот утврди дека на седницата присуствуваат 21 член на Советот, според што Советот може да работи и полноправно да одлучува.

На седницата присуствуваа следните членови на Советот: Зоран Краљевски, Убавица Игнатоска, Предраг Станковски, Адријана Јакимовска Панчевска, Александар Илиески, Христо Саракинов, Благица Цветановска, Давор Грче, Владимир Бислимовски, Марин Докузовски, Дејан Лазаревски, Гордана Ивановски Велковска, Јахји Мемедов, Александра Антевска, Наталија Спировска, Мартин Димоски, Бранко Ристов, Ивана Петковска, Славко Митевски, Невена Георгиевска и Татјана Стојановска.

Оправдно отсутни беа членовите на Советот на Општина Карпош: Добрила Андоновска и Виолета Куновска.

На седницата беше присутен и Градоначалникот на Општина Карпош Стевчо Јакимовски.

На седницата беше присутен и секретарот на Опптина Карпош – Весна Стефанова.

Претседателот на Советот Бранко Ристов го повика Градоначалникот да ја образложи оправданоста за свикување вонредна седница.

Пред да се отвори расправа за единствената точка на предложениот дневен ред во рамки на денешната вонредна 69 - та седница, пред советниците се обрати Градоначалникот Стевчо Јакимовски. Во оваа пригода првиот човек на Општината образложи дека првенствено Владата ја донела оваа Одлука без никакво образложение, кое треба да биде составен дел од правниот акт.Тој посочи дека со Одлука на минатата Влада во 2019 година, во Агенцијата за катастар на недвижности на РСМ, спортска сала Партизан е впишана дека и е дадена на трајно користење на Општина Карпош.

Притоа локалната самоуправа воочи некои недостатоци во рамки на спортскиот објект кои се од техничка природа, па затоа со повеќе Одлуки на Советот, Општината инвестирање околу 4 милиони денари со цел да ја направи функционална спортската сала Партизан. Притоа, Јакимовски и мнозинството советници сметаат дека во најмала рака би било коректно, Владата да ја извести Општина Карпош пред да ја донесе Одлуката за одземање на салата, бидејќи

МКД СЕРТИФИКАТ
МКС ISO 9001:2015
МКС ISO 14001:2015
МКС ISO 45001:2018

Општината со средства од граѓаните инвестирала финансии, за одржување на овој за нив култен спортски објект.

Дополнително, веќе се донесени односно усвоени повеќе Одлуки од страна на Советот, со кои одредени делови од спортската сала се дадени на користење, со и без паричен надомест.

Оттука со денешното гласање на Заклучокот, Советот на Општина Карпош особено се противи на начинот на донесување на предметната Одлука и ја оценува како штетна, донесена без консултација и без претходно побарано мислење од Општината. Во таа насока, Советот како орган на Општината ги задолжува стручните служби на локалната самоуправа и градоначалникот Јакимовски, да поведат понатамошна постапка пред надлежните органи.

Збор зема членот на советот Христо Саракинов кој посочи дека спортската сала “Наум Наумовски Борче”- Партизан е во државна сопственост следователно на тоа државата одлучува кој и како ќе управува со државниот имот. Салата Партизан е реконструирана по проект доставен од страна на Општината и според нивните информации проектот имал низа недостатоци, но и покрај тоа во текот на градбата се изготвиле работи кои не биле опфтени во проектот. Во изминатиот период имавте негодување кон Владата и кон министерството, салата е неупотреблива но овој проект е целосно реконструиран од средства на државата и тој беше затворен повеќе од 15 – 16 месеци. Им се обрати на јавноста дека министерството и државата двапати ја санирале салата за сите недостатоци кој се појавиле факт е дека салата стои повеќе од 1 година затворена. Зошто Општината и Градоначалникот не превземале ништо? Им се обрати на граѓаните дека со превземањето на објектот ќе се отстранат сите недостатоци и многу брзо ќе се стави во функција салата Партизан.

- Усвојување на оправданоста за свикување вонредна седница

Претседателот ја стави на гласање оправданоста за свикување за 69.(вонредна) седница.

Бидејќи никој не се јави за збор, Претседателот ја стави на гласање оправданоста за свикување вонредна седница.

**Констатирано беше дека по извршеното гласање, со 12 гласови ЗА, ПРОТИВ нема и ВОЗДРЖАНИ нема, е изгласана оправданоста за свикување на 69.(вонредна) седница.**

Бидејќи на вонредна седница не се гласа за дневен ред веднаш се премина на единствената точка од

**ДНЕВЕН РЕД**

1. **Заклучок за усвојување на Информација за донесена „Одлука за престанок и за давање на трајно користење на недвижна ствар на Министерство за спорт“ од Владата на Република Северна Македонија и мислење на Советот на Општина Карпош по истата**

Претседателот на Совет отвори расправа по предложената точка.

Збор зема членот на Советот Невена Георгиевска со прашање зошто оваа Одлука нема образложение тотално е нејасно од кои причини Владата ја бара салата и сакаат повторно да ја земат. Смета дека тоа не е во ред 2 години се носат Одлуки на Советот се дискутира околу салата смета ако имало проблем дека салата не се управува добро требала да се предупреди Општината пред да се даваат средства од Буџетот. Тие како советници ги гласале Одлуките за давање средства од програмата за спорт итн. Тие како Совет се доведени да никој не ги уважува нивните Одлуки.

Реплика на членот на Советот Христо Саракинов салата не ја градела државата, дражавата не е Владата, државата е народот, салата е градена од пари на народот и салата треба да остане за народот. Посочи дека ја интересира како Владата ќе стопанисува со салата и дали тоа ќе биде за јавен интерес? Оваа сала за користење да биде достапна за народот и за децата кои што живеат во близина и со тоа најдобро ќе стопанисува локалното население. Смета дека салата треба да остане во владение на Општина и да се оспори Одлуката на Владата. Во законот за управна постапка посочи дека секој управен акт мора да има образложение.

Збор зема членот на Советот Адријана Јакимовска Панчевска со потврда дека салата Партизан ја градел народот и припаѓа на граѓаните но е во сопственост на државата и тие одлучуваат кому ќе му ја дадат на користење салата. Посочи дека салата многу години не била во функција. Во почетокот на мандатот советничката група на ВМРО- ДПМНЕ поднела амандман со предлог за средства со цел да се реконструктира салата. Пред неколку години Владата ја доделила салата на користење на Општина Карпош, Градоначалникот истакнал дека нема доволно средства дека општината треба да ги дополнува недостатоците финансисиски тоа укажува дека не можат да ја доуредат логично тој што е во сопственост тоес државата да ја земе салата таа не се одзема од граѓаните, треба да се доопреми ако не може Општина Карпош да вложи средства во неа ќе ја превземе Владата и ќе биде во потполна функција на сите граѓани кои ќе имаат корист.

Контра реплика од членот на Советот Невена Георгиевска која изјави во однос на тоа дека Владата за неколку месеци ќе направи нешто би верувала ако имало образложение и план како ќе стопанисува со салата вознемирена е што се прави пред избори. Доколку сметаат дека не се работело како треба избори доаѓаат вашиот кандидат најавува победа па нека ја превземе тој салата.

Збор зема членот на Советот Татјана Стојановска со забелешка кон Одлуката да се корегира и да се додаде дека Советот дава потполна поддршка за правно постапување со цел да не се дозволи превземање на салата како и дека се дава комплетна поддршка за сите понатамошни судски постапки. Им се обрати на советниците на ВМРО дека избирале да бидат членови на партија наместо жители на Карпош.

Збор зема Претседателот на Совет Бранко Ристов со критика кон Владата за донесената Одлука . Владата една година нема инвестирано во Општина Карпош ништо освен кредитот кој што бил добиен.

Збор зема членот на советот Предраг Станковски зошто се прави драма дека ќе се превземе салата и дека ќе се стави клуч на врата на салата се разбира дека граѓаните на Карпош ќе ја користат оваа сала, клубови на територија на Општина Карпош, спортистите итн. Рековте дека министерството нема направено ништо за 1 година. Ги демантира тие тврдења дека не се точни и дека се направени безбој проекти во интерес на спортот и граѓаните на Општина Карпош .

Контра реплика од претседателот на Совет Бранко Ристов, кој истакна дека владата е 1 година на власт и за Општина Карпош нема направено ништо, нема никакви акти.

Зема збор Градоначалникот кој им се обрати на советниците на ВМРО како се однесуваат така и оправдуваат нешто што не се брани. Што ќе направи повеќе Министерството за млади и спорт, а не општина Карпош. Зошто Владата не ги земе градинките и основни училишта? Зошто Владата досега не ги санира недостатоците во салата?

Збор зема членот на Советот Славко Митевски кој потенцираше дека би сакал Советот на Општина Карпош да има контрола во понатамошното работење да има врзани раце да кажат не за издавање на салата на субјекти ги замолува членовите на Советот да се заврши со политичките кампањи.

Членот на Советот Адријана Јакимовска Панчевска реплицираше дека училиштата се во сопственост на Општина Карпош, а салата е во сопственост на државата. За неколку месеци ќе има локални избори и очекуваат победа и нивни кандидат ќе биде Градоначалник тогаш би ја оставиле тој да ја стопанисува посочи дека во оваа салата треба да се одржуваат натпревари, тренинзи, а не седници на Совет.

Претседателот даде пауза од 5 миниту.

По паузата се продолжи со седницата.

Од службите ја прочитаа Одлуката цитирам:

**„Заклучок за усвојување на Информација за донесена „Одлука за престанок и за давање на трајно користење на недвижна ствар на Министерство за спорт“ од Владата на Република Северна Македонија и мислење на Советот на Општина Карпош по истата“**

Со овој заклучок се усвојува Информацијата од Градоначалникот на Општина Карпош, за донесената „Одлука за престанок и за давање на трајно користење на недвижна ствар на Министерство за спорт од Владата на Република Северна Македонија“, со која што Општина Карпош престанува да биде корисник на спортската сала „Наум Наумовски Борче“ – Партизан.

Советот на Општина Карпош се противи на донесената Одлука, од причина што општината има направено значителни финансиски вложувања во овој објект кој има суштинско значење за спортскиот и општествениот живот на жителите на Општина Карпош. Дополнително, веќе се донесени/усвоени одлуки од страна на Советот, со кои одредени делови од спортската сала се дадени на користење, како со, така и без надомест.

Советот на Општина Карпош особено се противи на начинот на донесувањето на предметната Одлука и ја оценува како штетна, донесена без консултација и побарано мислење од општината.

Советот на Општина Карпош ги задолжува стручните служби на Општина Карпош и Градоначалникот на Општина Карпош да поведат постапка пред надлежните органи.

Бидејќи никој друг не се јави за збор, претседателот на Совет го затвори претресот и предлог точката ја стави на гласање.

**По спроведеното гласање со** 14 **гласови ЗА, 7 гласови ПРОТИВ и ВОЗДРЖАНИ нема, констатирано е дека, е усвоен Заклучокот за усвојување на Информација за донесена „Одлука за престанок и за давање на трајно користење на недвижна ствар на Министерство за спорт“ од Владата на Република Северна Македонија и мислење на Советот на Општина Карпош по истата**

По исцрпување претседателот ја затвори 69. (вонредна) седница во 10.30 часот.

Изработил: Виолета Андреевска

**Број: 09-8571/5**
**Датум: 26.08.2025 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА**
**Бранко Ристов**